# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

*24.02.2026 година * Број 5 * Година XX *

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Февруари, 2026 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 9. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1909/1**
**Датум:24.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024) член 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), како и врз основа на Барањето бр.03-174/2 од 15.12.2025 година, заверено во архивата на Општина Карпош 54-11557/1 од 15.12.2025 година, Барањето бр.03-3688/1 од 05.05.2025 година, заверено во архивата на Општина Карпош 54-4698/1 од 12.05.2025 година и Ургенцијата по достава на Предлог за член на управен одбор број 03-1527/1 од 06.02.2026 година заверена во архивата на Општина Карпош 11-1179/1 од 10.02.2026 година, Советот на Општина Карпош на 9. седница одржана на 24 февруари 2026 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош - Скопје**

1.

1. Со ова решение се разрешува членот на управен одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади , а верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат:

- Андријана Андреевска Стојановска

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет “претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Советот на Општина Карпош ја верификува:

- Мелинда Рашиди

3.Со ова решение се разрешуваат членовите на управен одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет“ претставници од локалната заедница, а именувани и верификувани од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат :

- Дијана Симјановска
- Александра Рашкова

4. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Мајски Цвет “претставници од редот на локалната заедница, Советот на Општина Карпош ги именува и верификува:

-Олга Котевска

-Рајна Ѓорѓиева

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1561/5**
**Датум 24.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за распишување јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за распишување јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво на Општина Карпош, донесена на 9. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1909/2**
**Датум:24.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) како и врз основа на член 38-з од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/26), Советот на Општина Карпош на 9. седница, одржана на 24 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за распишување јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво на Општина Карпош**

**Член 1**

Советот на Општина Карпош, со оваа Одлука дава согласност да се распише Јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво на Општина Карпош.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да формира Комисија за распишување на Јавниот повик и спроведување на постапката за конституирање на Советот за женско претприемништво.

**Член 3**

Јавниот повик ќе биде објавен на официјалната веб-страница на Општина Карпош и во дневен весник кој излегува на територијата на државата.

**Член 4**

Јавниот повик ќе биде отворен во рок од 3 (три) месеци од денот на неговото објавување.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1561/6**
**Датум 24.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи“**

1. Се објавува Одлука за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи“, донесена на 9. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1909/3**
**Датум:24.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Карпош на 9. седница, одржана на 24 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи“**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи “ за кој општината ќе учествува со свој проект на јавниот повик за финансирање на Предлог – проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој, објавен од Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Согласно техничката спецификација, проценетата вредност на машината е 2.998.000,00 денари со пресметан ДДВ.
Кофинансирање на проектот од страна на Општина Карпош, ќе биде во висина од 330.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно 11% од вредноста на набавката.
Средствата за кофинансирање на проектот ќе бидат обезбедени од Програмата ЕА Капитални расходи на општината од Буџетот за општинска администрација на Општина Карпош за 2026 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1561/7**
**Датум 24.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош – Скопје, со Решение за објавување;
2. Одлука за давање согласност за распишување јавен повик за избор на членови на Советот за женско претприемништво на Општина Карпош, со Решение за објавување;
3. Одлука за кофинансирање на проектот „Набавка на телескопски натоварувач со променливи корпи“, со Решение за објавување.

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.„Никола Русински“ бр.11
Тираж: 25 примероци